*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| Службен гласник<br>на Општина Штип<br>Излегува по потреба | Број 10<br>2 септември 2009 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLVI |
|---|---|---|

269.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА „ГОРНО МААЛО“
(ШТИПСКИ СОКАК) ДЕЛ ОД УЕ 4 ШТИП
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Горно маало“ (Штипски сокак) дел од УЕ 4 Штип-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2756/2 — Општина Штип
2 септември 2009 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

270.

Врз основа на член 22 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 24/08) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен

гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА „ГОРНО МААЛО“
(ШТИПСКИ СОКАК) ДЕЛ ОД УЕ 4 ШТИП
ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Горно маало“ (штипски сокак) дел од УЕ 4 ,66ха) Штип - Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП „Штип-проект“- Штип со технички број 35/08.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење
- одговор на стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2756/1 | Совет на Општина Штип
31 август 2009 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска

271.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ

ОД КОМУНАЛЕН НАДОМЕСТОК
НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

I

Се објавува Одлуката за ослободување на Министерство за образование и наука од плаќање комунален надоместок за изградба на спортска сала во населба „Сењак“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2757/2
2 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

272.

Врз основа на член 48 став 3 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД КОМУНАЛЕН НАДОМЕСТОК НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Член 1

Министерството за образование и наука се ослободува од плаќање на комунален надоместок во целост за изградба на спортска сала во населба „Сењак“.

Член 2

Спортските клубови и спортисти од Општина Штип имаат право да ја користат салата без надоместок во слободните термини.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2557/1<br>31 август 2009 година<br>Штип

Претседател<br>на Советот на Општина Штип<br>Сузана Николовска

273.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2758/2<br>2 септември 2009 година<br>Штип

Општина Штип<br>Градоначалник<br>д-р Зоран Алексов, с. р.

274.

Во врска со член 41 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ број 84/08 и 52/09), а врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

## ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за утврдување на начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/08), во член 5 се додава нов став 3 кој гласи:

„За поставување на опрема за рекламирање на површини поголеми од 100 $м^2$ надоместокот изнесува 7 евра/$м^2$ годишно во денарска противвредност по курсот на НБРМ“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-2758/1 | Советот на Општина Штип |
| 31 август 2009 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска |

275.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕСТА НА КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПРОДАВААТ ПРОИЗВОДИ ЗА ИСХРАНА

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување места на кои можат да се продаваат производи за исхрана.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-2759/2 | Општина Штип |
| 2 септември 2009 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р. |

276.

Врз основа на член 9 став 3 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 14/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕСТА НА КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПРОДАВААТ ПРОИЗВОДИ ЗА ИСХРАНА

### Член 1

Во Одлуката за определување места на кои можат да се продаваат производи за исхрана („Службен гласник на Општина Штип“ број 03/08), во член 3 се додава нов став 3 кој гласи:

„Кон писменото барање задолжително се доставува доказ за регистрирана дејност од надлежен орган“.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-2759/1 | Советот на Општина Штип |
| 31 август 2009 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска |

277.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ ИЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

I

Се објавува Одлуката за дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2760/2
2 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

278.

Врз основа на член 21 точка 35 член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСВЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Во Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08) по членот 10 се додава

нов член 11 кој гласи: „Барањата за доделување средства од член 3, 4 и 5 од Правилникот барателите ќе ги достават до Советот најдоцна 30 дена пред денот на одржување на манифестацијата, односно натпреварот за кој се однесуваат“.

Барањата доставени после овој рок нема да се разгледуваат“.

Член 2

Членот 11 станува член „12“.

Член 3

Се овластува Комисијата за статут и прописи да изготви и утврди пречистен текст на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2760/1
31 август 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Сузана Николовска

279.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА „РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ“ – ПРОЕКТ НА УНИЦЕФ

I

Се објавува Одлуката за финансиско учество на Општина Штип во реализирање на Програмата „Ран детски развој“ – проект на УНИЦЕФ.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2761/2
2 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

280.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА „РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ“ – ПРОЕКТ НА УНИЦЕФ

Член 1

За реализирање на Програмата „Ран детски развој“ – проект на УНИЦЕФ, општината ќе обезбеди 15.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој член се наменети за превоз на деца од селата Три Чешми, Чардаклија и Караорман до град Штип и обратно.

Член 2

Средствата од член 1 став 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2761/1
31 август 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

281.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ ПОКРИВОТ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ЗГРАДА НА ОПШТИНА ШТИП НА „Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА“ АД СКОПЈЕ

I

Се објавува Одлуката за давање на користење на покривот на административната зграда на Општина Штип на „Т-Мобиле Македонија“ ад Скопје.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2762/2 — Општина Штип
2 септември 2009 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

282.

Врз основа на член 21 став 1 точка 25 член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ ПОКРИВОТ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ЗГРАДА НА ОПШТИНА ШТИП НА „Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА“ АД СКОПЈЕ

Член 1

На „Т-Мобиле“ Македонија АД Скопје се дава на користење покривот (западно крило) на административната зграда на Општина Штип

за рекон-струкција и проширување на постојната базна станица за мобилна телефонија со поставување на три кабинети со опрема од 2Г и 3Г технологија за мобилна телефонија, како и антенски систем поставен на постојниот челичен антенски столб во сопственост на „Т-Мобиле“ за монтирање на држачи со шест антени.

Член 2

Покривот на зградата на Општина Штип на „Т-Мобиле Македонија“ АД Скопје се дава на користење на период од 10 (десет) години, сметано од денот на потпишувањето на договорот.

Член 3

За користењето на покривот за намената од член 1 „Т-Мобиле Македонија“ АД Скопје на општината ќе плаќа закупнина во износ од 300 (триста) евра месечно во денарска противвредност.

Член 4

Сите права и обврски помеѓу договорните страни ќе се уредат со посебен договор.

По потпишувањето на договорот за уредување на односите на двете договорни страни ќе престане да важи Договорот број 0307-1630/1 од 30 октомври 2003 година и број 10-13090/1 од 21 ноември 2003 година.

Член 5

Се овластува градоначалникот на Општина Штип **д-р Зоран Алексов** да го потпише договорот од член 4 на оваа Одлука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2762/1
31 август 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Сузана Николовска

283.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ
НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА
СОЈУЗОТ НА СПОРТОВИ-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Сојузот на спортови-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2763/2
2 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

284.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА СОЈУЗОТ НА СПОРТОВИ-ШТИП

Член 1

На Сојузот на спортови - Штип за обезбедување на ладни сендвичи и сокчиња за мотористите учесници на 18-то меѓународно мото рели се доделуваат финансиски средства во износ од 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесување-то, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2763/1
31 август 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

285.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА
ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА
НА ПАЦИЕНТИТЕ

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2764/2
2 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

286.

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на РМ“ број 82/08) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА
НА ПАЦИЕНТИТЕ

1. За претседател и членови на Комисијата за унапредување на правата на пациентите **се именуваат**:
   За претседател:
- **Ванчо Санев**

  За членови:
- **Коце Пилатов**
- **Димитар Ефремов**
- **д-р Татјана Гаќева**
- **д-р Даниела Николова**
- **Елена Ташкова**
- **Марија Здравева**
- **Виолета Ефтимова**
- **д-р Горан Дамбев**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-2764/1 | Совет на Општина Штип |
| 31 август 2009 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска |

287.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување членови на Штаб за заштита и спасување на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2765/2
2 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

288.

Врз основа на член 93 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ број 36/04), член 2 став 2 од Уредбата за начинот на раководење и командување со силите за заштита и спасување и командите („Службен весник на РМ“ број 18/06), член 10 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ број 12/06) и член 21 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ
НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА
ОПШТИНА ШТИП

1. Од членови на Штабот за заштита и спасување на Општина Штип **се разрешуваат**:

- Панде Сарев од командант
- Тони Атанасов од началник
- Лазо Богатинов од помошник на началникот за оперативни работи
- д-р Хусеин Османов од помошник на началникот за прва медицинска помош
- Борче Арсов од помошник на началникот за заштита и спасување од пожари
- Тошо Ристов од помошник на началникот за заштита и спасување од поплави

2. За членови на Штабот за заштита и спасување на Општина Штип **се именуваат**:

- командант – **д-р Зоран Алексов**
- началник – **Јонче Манојлов**
- помошник на началникот за оперативни работи – **Тони Атанасов**
- помошник на началникот за прва медицинска помош – **д-р Александар Митевски**
- помошник на началникот за згрижување и евакуација - **Кирил Фичорски**

- помошник на началникот за заштита и спасување од пожари – **Кирчо Патреклиев**
- помошник на началникот за заштита и спасување од поплави – **Николче Мицев**
- извршител-администратор – **Гица Зрнцева**
- извршители-возач-курир – **Блажо Копитович** и **Мите Стојменов**

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2765/1 | Совет на Општина Штип
31 август 2009 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска

289.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА
ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за период од 01.01. до 30.06.2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2766/2 | Општина Штип
2 септември 2009 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

290.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 26 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за периодот од 01.01. до 30.06.2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2766/1
31 август 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

291.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Штипско културно лето 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2767/2 | Општина Штип
2 септември 2009 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

292.

Врз основа на член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
РЕАЛИЗАЦИЈА НА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО
2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Штипско културно лето 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2767/1 | Совет на Општина Штип
31 август 2009 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска

293.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА ЈП „ИСАР“ – ШТИП И ИЗВЕШТАЈОТ
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип и Извештајот за одржување на јавната чистота за периодот од 01.04.-30.06.2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2768/2 | Општина Штип
2 септември 2009 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

294.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“ – ШТИП И ИЗВЕШТАЈ
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП „Исар“ – Штип и Извештајот одржување на јавната чистота за периодот 01.04. до 30.06.2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2768/1
31 август 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

295.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ТЕКОВНОТО
РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ АПРИЛ-ЈУНИ 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за редовно работење на ЈП „Штип-проект“-Штип за период април-јуни 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2769/2
2 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

296.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07,

11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ АПРИЛ-ЈУНИ 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за тековното работење на ЈП „Штип-проект“-Штип за периодот април-јуни 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2769/1
31 август 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

297.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОЦЕНЕТА
ШТЕТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА, НЕВРЕМЕ
ДОЖД И ГРАД ПРОСЛЕДЕНО СО СИЛЕН ВЕТЕР
ШТО ЈА ЗАФАТИ ОПШТИНА ШТИП НА
2 ЈУНИ 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за проценета штета од елементарна непогода, невреме дожд и град проследено со силен ветер што ја зафати Општина Штип на 2 јуни 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2770/2 — Општина Штип
2 септември 2009 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

298.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
ПРОЦЕНЕТА ШТЕТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА,
НЕВРЕМЕ ДОЖД И ГРАД ПРОСЛЕДЕНО СО СИЛЕН ВЕТЕР
ШТО ЈА ЗАФАТИ ОПШТИНА ШТИП НА
2 ЈУНИ 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за проценета штета од елементарна непогода, невреме дожд и град проследено со силен ветер што ја зафати Општина Штип на 2 јуни 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2770/1 — Совет на Општина Штип
31 август 2009 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска

299.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на

Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СОСТОЈБАТА СО ЛОКАЛНАТА ПАТНА МРЕЖА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со локалната патна мрежа.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2771/2
2 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

300.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 август 2009 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА СО ЛОКАЛНАТА ПАТНА МРЕЖА

I

Се усвојува Информацијата за состојбата со локалната патна мрежа.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2771/1 Совет на Општина Штип
31 август 2009 година Претседател
Ш т и п Сузана Николовска

301.

Врз основа на член 133 став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на **28 јули 2009 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА
ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ - ШТИП

1. Од должноста директор на Основното училиште „Тошо Арсов“-Штип **се разрешува Зоран Горгиев**, сметано од 31 јули 2009 година, по негово барање.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2365/2 Општина Штип
28 јули 2009 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

302.

Врз основа на член 135 став 1 и 3 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на **28 јули 2009 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР
НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ - ШТИП

1. За вршител на должноста директор на Основното училиште „Тошо Арсов“-Штип **се именува Димитар Параклиев**, сметано од 1 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2387/1 
28 јули 2009 година 
Ш т и п

Општина Штип 
Градоначалник 
д-р Зоран Алексов, с. р.

303.

Врз основа на член 136 став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Од функцијата директор на ООУ „Ванчо Прке“ - Штип **се разрешува** Биљана Казанџиска, досегашен директор на училиштето.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно со член 136 став 1 и 3 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), Државниот просветен инспекторат донел решение број 1806-102/2 од 4 јуни 2009 година со кое се наредува на директорот на ООУ „Ванчо Прке“-Штип да организира активности за реализација на препораките дадени во Извештајот од извршената интегрална евалуација во ООУ „Ванчо Прке“-Штип.

Бидејќи директорот на училиштето во определениот рок не постапил по Решението, согласно член 136 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), државниот инспектор со допис број 1806-102/54 од 12 август 2009 година го достави Решението до градоначалникот на Општина Штип со предлог за разрешување на директорот на училиштето „Ванчо Прке“ – Штип.

Според горенаведеното, а врз основа на член 136 став 4 од Законот за основно образование се донесе решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена по приемот на истото до Второстепената комисија на Владата на РМ надлежна за решавање на прашањата од областа на работните односи.

Број 08-2564/1
17 август 2009 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

304.

Врз основа на член 135 став 1 и 3 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на ден 17 август 2009 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
ДИРЕКТОР НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ
„ВАНЧО ПРКЕ“ - ШТИП

1. За вршител на должноста директор на Основното училиште „Ванчо Прке“ - Штип **се именува Сузана Маркова**, сметано од 18 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2573/1
17 август 2009 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

305.

Врз основа на член 133 став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на 18 август 2009 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР
НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ
„ДИМИТАР ВЛАХОВ“ - ШТИП

1. Од должноста директор на ОУ „Димитар Влахов“ - Штип се разрешува Јорданче Здравев, сметано од 18 август 2009 година, по негово барање.

2. Јорданче Здравев ќе биде распореден со работни задачи на работното место во ОУ„Димитар Влахов“- одделенски наставник.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2608/3 — Општина Штип
19 август 2009 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

306.

Врз основа на член 135 став 1 и 3 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на 19 август 2009 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
ДИРЕКТОР НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ
„ДИМИТАР ВЛАХОВ“ - ШТИП

1. За вршител на должноста директор на Основното училиште „Димитар Влахов“-Штип **се именува Јорданчо Митков**, сметано од 19 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2608/1 Општина Штип
19 август 2009 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

307.

Врз основа на член 133 став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08, 07/09), градоначалникот на Општина Штип на 24 август 2009 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР
НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

1. Од должноста директор на ООУ„Гоце Делчев“-Штип **се разрешува** Стојанов Донче, сметано од 24 август 2009 година, по негово барање.

2. Стојанов Донче ќе биде распореден со работни задачи на работно место наставник по физичко и здравствено образование во ОУ„Гоце Делчев“.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2683/1 Општина Штип
24 август 2009 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

308.

Врз основа на член 135 став 1 и 3 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на 25 август 2009 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

1. За вршител на должноста директор на Основното училиште „Гоце Делчев“-Штип **се именува Васе Николов**, сметано од 25 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2683/2
25 август 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 269. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Горно маало“ (Штипски сокак) дел од УЕ 4 Штип-Општина Штип | 550/10 |
| 270. | Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Горно маало“ (Штипски сокак) дел од УЕ 4 Штип-Општина Штип | 550/10 |
| 271. | Решение за објавување на Одлука за ослободување од комунален надоместок на Министерство за образование и наука | 551/10 |
| 272. | Одлука за ослободување од комунален надоместок на Министерство за образование и наука | 552/10 |
| 273. | Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип | 553/10 |
| 274. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип | 553/10 |
| 275. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување места на кои можат да се продаваат производи за исхрана | 554/10 |
| 276. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување места на кои можат да се продаваат производи за исхрана | 555/10 |
| 277. | Решение за објавување на Одлука за дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 555/10 |
| 278. | Одлука за дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 556/10 |
| 279. | Решение за објавување на Одлука за финансиско учество на Општина Штип во реализирање на Програмата „Ран детски развој“ – проект на УНИЦЕФ | 557/10 |

| | | |
|---|---|---|
| 280. | Одлука за финансиско учество на Општина Штип во реализирање на Програмата „Ран детски развој“ – проект на УНИЦЕФ | 558/10 |
| 281. | Решение за објавување на Одлука за давање на користење на покривот на административната зграда на Општина Штип на „Т-Мобиле Македонија“ ад Скопје | 559/10 |
| 282. | Одлука за давање на користење на покривот на административната зграда на Општина Штип на „Т-Мобиле Македонија“ ад Скопје | 559/10 |
| 283. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на Сојузот на спортови-Штип | 560/10 |
| 284. | Одлука за доделување на финансиски средства на Сојузот на спортови-Штип | 561/10 |
| 285. | Решение за објавување на Решение за именување претседател и членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите | 562/10 |
| 286. | Решение за именување претседател и членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите | 562/10 |
| 287. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување членови на Штаб за заштита и спасување на Општина Штип | 563/10 |
| 288. | Решение за разрешување и именување членови на Штаб за заштита и спасување на Општина Штип | 564/10 |
| 289. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за период од 01.01. до 30.06.2009 година | 565/10 |
| 290. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за период од 01.01. до 30.06.2009 година | 566/10 |
| 291. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на ШКЛ/09 | 566/10 |
| 292. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на ШКЛ/09 | 567/10 |
| 293. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип и Извештајот за одржување на јавната чистота за периодот од 01.04.-30.06.2009 година | 567/10 |
| 294. | Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип и Извештајот за одржување на јавната чистота за периодот од 01.04.-30.06.2009 година | 568/10 |
| 295. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на | 569/10 |

| | | |
|---|---|---|
| | Извештајот за редовно работење на ЈП „Штип-проект“-Штип за период април-јуни 2009 година | |
| 296. | Заклучок за усвојување на Извештајот за редовно работење на ЈП „Штип-проект“-Штип за период април-јуни 2009 година | 569/10 |
| 297. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за проценета штета од елементарна непогода, невреме дожд и град проследено со силен ветер што ја зафати Општина Штип на 2 јуни 2009 година | 570/10 |
| 298. | Заклучок за усвојување на Извештај за проценета штета од елементарна непогода, невреме дожд и град проследено со силен ветер што ја зафати Општина Штип на 2 јуни 2009 година | 571/10 |
| 299. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за состојбата со локалната патна мрежа | 571/10 |
| 300. | Заклучок за усвојување на Информација за состојбата со локалната патна мрежа | 572/10 |
| 301. | Решение за разрешување директор на Основното училиште „Тошо Арсов“-Штип | 573/10 |
| 302. | Решение за именување вршител на должноста директор на Основното училиште „Тошо Арсов“-Штип | 573/10 |
| 303. | Решение за разрешување директор на ООУ „Ванчо Прке“-Штип | 574/10 |
| 304. | Решение за именување вршител на должноста директор на Основното училиште „Ванчо Прке“-Штип | 575/10 |
| 305. | Решение за разрешување директор на Основното училиште „Димитар Влахов“-Штип | 576/10 |
| 306. | Решение за именување вршител на должноста директор на Основното училиште „Димитар Влахов“-Штип | 576/10 |
| 307. | Решение за разрешување директор на Основното училиште „Гоце Делчев“-Штип | 577/10 |
| 308. | Решение за именување вршител на должноста директор на Основното училиште „Гоце Делчев “-Штип | 578/10 |